# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 17 Септември 2013 година Скопје Бр.13 Год.VIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


## Содржина:


1. Одлука за донесување на Детален Урбанистички План УЗ „Дексион“, Општина Ѓорче Петров-Скопје............................2
2. Одлука за ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај".......................................................................7
3. Одлука за ко-финансирање на проектот за “Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м ” .......................................................................................................................9
4. Одлука за набавка на моторцикли за потребите на Општина Ѓорче Петров.......................................................11
5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ – Скопје........................................................................13
6. Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров............................................................................................................................................15
7. Одлука за доделување на Годишна Награда „Ѓорче Петров“ за 2013 година...................................................................18
8. Извештаи за работата на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за учебната 2012-2013 година и тоа:...........................................................................................................................................................................20
   - ООУ „Ѓорче Петров“;
   - ООУ „Мирче Ацев“;
   - ООУ „Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски“;
   - ООУ „Страшо Пинџур“;
   - ООУ „Тихомир Милошевски“;
   - ООУ „Јоаким Крчковски“;
9. Програми за работа на основните училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2013-2014 и тоа:...........................22
   - ООУ „Ѓорче Петров“;
   - ООУ „Мирче Ацев“;
   - ООУ „Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски“;
   - ООУ „Страшо Пинџур“;
   - ООУ „Тихомир Милошевски“;
   - ООУ „Јоаким Крчковски“;
10. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Ѓорче Петров“...........................................................................................................................................24
11. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Мирче Ацев“...............................................................................................................................................26
12. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Димитар Поп Ѓорѓиев Беровски“..........................................................................................................28
13. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Страшо Пинџур“...........................................................................................................................................30
14. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Тихомир Милошевски“................................................................................................................................32
15. Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ „Јоаким Крчковски“......................................................................................................................................34
16. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров..........................................................................................................................................................36

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План УЗ „Дексион“, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План УЗ „Дексион“, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата Седница на Советот, одржана на ден 16.09.2013 година.

**Број 08-2878/1**
**од 17.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен Весник на Р.Македонија“ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план**
**УЗ ДЕКСИОН Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за "УЗ Дексион", Општина Ѓорче Петров - Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен Гласник на Град Скопје" бр.8/2002) и е усогласен со ГУП на Град Скопје 2012-2022, Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. Весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/2013), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10 и 64/11).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за УЗ ДЕКСИОН, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 22,04 ха, со следни граници на опфат:

- на север: осовина на сервисна ул:"Црногорска" (по ГУП Бул."Црна Гора");
- на исток: по КП 4608, КП 4607, КП 4602;
- на југ: по осовина на ул: "Беас Куле" до пресек со ул: "Апостол Петков";
- на исток: по осовина на новопланирана ул."Апостол Петков";
- на југ: по осовина на ул: "4-ти јули";
- на запад: по осовина на ул: "Драгувити";
  на југ: по КП 3868, КП 3850, КП 3849, КП 3848, КП 3847, КП 3846, КП3844, КП 3843, КП 3842, КП 3841, КП 3840;
- на запад: по КП 3840 до пресек со осовина на сервисна улица "Црногорска" (по ГУП Бул: "Црна Гора");

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план УЗ ДЕКСИОН, Општина Ѓорче Петров е изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија - Скопје, со технички број 98/2009.

Деталниот урбанистички план содржи:

## I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
3. Историјат на планирањето
4. Податоци за природни чинители
   4.1 Рељефни карактеристики
   4.2. Вегетациски карактеристики и пејсаж
   4.3. Сеизмички карактеристики
   4.4. климатски карактеристики
   4.5. Климатски карактеристики
5. Податоци за создадени вредности и чинители
6. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
7. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
8. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Извод од ГУП на Град Скопје

### Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. ...............................................1:5000
2. Извод од ДУП УЗ ДЕКСИОН ............................................................ 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................................ 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправни градби................................ 1:1000
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура ........................................................................... 1:1000
6. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура.............................................................................................. 1:1000
7. Сателитска снимка ........................................................................ 1:1000

## II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од ГУП на Град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба
7. Инфраструктура
   7.1. Сообраќајно решение
   7.2. Нивелманско решение
   7.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации
   7.4. Хидротехничка инфраструктура

8. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија

9. Мерки за заштита
   - 9.1. Мерки за заштитан а животна средина
   - 9.2. Засолнување
   - 9.3. Заштита и спасување од поплави
   - 9.4. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
   - 9.5. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
   - 9.6. Заштита и спасување од урнатини
   - 9.7. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
   - 9.8. Спасување од сообраќајни несреќи
   - 9.9. Евакуација
   - 9.10. Згрижување на загрозеното и насраданото население
   - 9.11. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
   - 9.12. Прва медицинска помош
   - 9.13. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
   - 9.14. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
   - 9.15. Асанација на теренот

**Нумерички дел**

1. Нумерички показатели
2. Билансни (споредбени) показатели
3. Попречни профиле на сообраќајната инфраструктура

**Услови за изградба**

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето кои важат за целиот плански опфат
2. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето кој важат за секој помал опфат-блок
3. Посебни услови за инфраструктурни системи

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите....................................... 1:1000
2. План на површини за градење и регулационен план...................... 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план....................................................... 1:1000
4. Инфраструктурен план......................................................................... 1:1000
5. Синтезен план ........................................................................................ 1:1000

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови, се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 – 2762/3**
**Од 16.09.2013год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата Седница на Советот, одржана на ден 16.09.2013 година.

**Број 08-2878/2**
**од 17.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје („Службен Весник на РМ“ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година донесе

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува ко-финансирање на проектот "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај".

**Член 2**

Проектот "Реконструкција на локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај” се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/Биро за регионален развој/Програма за рамномерен регионален развој 2013год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој со 30% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програмата за урбано планирање Ф/ Подпрограма ФД, уредување на просторот во рурални подрачја (капитални расходи) бр.07-3445/6, која Советот на Општината ја донесе на 09.11.2012година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година бр.07-3982/3, донесен од Советот на 24.12.2012 година, на Позиција 482120-Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2762/4**
**Од 16.09.2013год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м "**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изградба на дистрибутивн примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м ", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осмата Седница на Советот, одржана на ден 16.09.2013 година.

**Број 08-2878/3**
**од 17.09.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје(Службен весник на РМ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година донесе

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот за "Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м "**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот за "Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м "-Општина Ѓорче Петров и негово ко-финансирање.

**Член 2**

Проектот "Изградба на дистрибутивна примарна и секундарна водоводна мрежа во с.Никиштани во должина од 3.304,07м " се одобрува за ко-финансирање со цел аплпицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/ Биро за регионален развој/Програма за рамномерен регионален развој 2013год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министертво за локална самоуправа/Биро за регионален развој со 30% од вкупната негова вредност. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програмата JG- Изградба на системи за водоснабдување, Која е составен дел од Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2013 година бр.07-3445/8, која Советот на Општината ја донесе на 09.11.2012 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година бр.07-3982/3, донесен од Советот на 24.12.2012 година, на Позиција 482720-Изградба на водоводна мрежа во с.Никиштане.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-2762/5**
**Од 16.09.2013год.**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02), согласно член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за набавка на моторцикли**

**Член 1**

За потребите на Општина Ѓорче Петров се одобрува набавка на 3 (три) моторцикли, со јачина на мотор до 50м3.

**Член 2**

Средствата потребни за оваа набавка се планирани во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Член 3**

Постапката за набавка ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.
Се задолжува Градоначалникот на Општината да формира Комисија за спроведување на постапката за јавна набавка на возилата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 2762/6**
**од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата Седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на член 1 алинеја 1 од Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основното училиште „Јоаким Крчовски“-Скопје број 07-1594/17 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 9/13), како што следи:

- за претставник во училишниот одбор на основното училиште „Јоаким Крчовски“-Скопје, наместо Звонко Смиљков, се именува Соња Палчевска-Ќосева.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2762/7**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општна Ѓорче Петров“ бр.5/06) и член 3, 4, 10, 11, 21 и 22 од Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/2011година) Советот на Општина Ѓорче Петров, на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување награди, пофалници и признанија**
**на учениците и наставниците од основните училишта во**
**Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ѓорче Петров доделува награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Советот на Општина Ѓорче Петров доделува, награди, пофалници и признанија на следните ученици и наставници:

Плакета за Првенец на генерација 2005/2013 година на Општина Ѓорче Петров се доделува на:

1. **Ангела Кралевска ООУ „Тихомир Милошевски“-првенец на генерација.**

Признание за истакнат педагошки работник се доделува на:

1. **Елена Апостоловска од ООУ „Мирче Ацев“.**

Пофалница за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделува на:

**1. Моника Пендаровска од ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“.**

Признание за постигнат особен успех во определени области се доделува на:

**2. Самоил Таневски од ООУ„Страшо Пинџур“-за постигнат особен успех во спортот.**

**Член 3**

Наградите ќе ги врачи Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општина Ѓорче Петров на 20 септември 2013 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општината Ѓорче Петров“.

**Број 07-2762/8**
**од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06), член 3 од Статуарната Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 6/2012) и член 16 став 1,2 и 3 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишна награда и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров, бр. 6/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
**„Ѓорче Петров“ зо 2013 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на општината „20 Септември“, доделува Годишна награда „Ѓорче Петров“ за 2013 година, на **САШО ЛИВРИНСКИ** од Скопје, за особено постигнати резултати во областа на музиката со што даде посебен придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров во земјата и надвор од неа.

Наградата се состои од Плакета и паричен износ од 20.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2762/9**
**од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р**

Врз основа на член 16 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за разгледување и усвојување на Годишните Извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2012/2013 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ги разгледа и усвои Годишните Извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, во учебната 2012/2013 година и тоа:

- Годишен извештај за работата на ООУ ″Ѓорче Петров″ за учебната 2012/2013 година,
- Годишен извештај за работата на ООУ ″Мирче Ацев″ за учебната 2012/2013 година,
- Годишен извештај за работата на ООУ ″Димитар Поп Георгиев Беровски″ за учебната 2012/2013 година,
- Годишен извештај за работата на ООУ ″Страшо Пинџур″ за учебната 2012/2013 година,
- Годишен извештај за работата на ООУ ″Тихомир Милошевски″ за учебната 2012/2013 година,
- Годишен извештај за работата на ООУ ″Јоаким Крчовски″ за учебната 2012/2013 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во ″Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров″.

**Број 07- 2762/10**
**Од 16.09.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 35 став 5 од Законот за основното образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) и член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата Седница одржана на ден 16.09.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишните Програми за**
**работа во учебната 2013/2014 година на Основните училишта**
**во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои Годишните Програми за работа во учебната 2013/2014 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :

- Годишна Програма за работата на ООУ ″Ѓорче Петров” за учебната 2013/2014 година,
- Годишна Програма за работата на ООУ ″Мирче Ацев” за учебната 2013/2014 година,
- Годишна Програма за работата на ООУ ″Димитар Поп Георгиев Беровски” за учебната 2013/2014 година,
- Годишна Програма за работата на ООУ ″Страшо Пинџур” за учебната 2013/2014 година,
- Годишна Програма за работата на ООУ ″Тихомир Милошевски” за учебната 2013/2014 година,
- Годишна Програма за работата на ООУ ″Јоаким Крчоски” за учебната 2013/2014 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во ″Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07- 2762/11**
**Од 16.09.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Ѓорче Петров**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Ѓорче Петров** за учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Ѓорче Петров за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- еднодневен (есенски) излет во Катланово за учениците од II до VIII одделение
- еднодневен (пролетен) излет во Хиподром за учениците од II до VIII одделение
- дводневна екскурзија во Охрид за учениците од VI одделение
- тродневна екскурзија во Охрид за учениците од VIII одделение
- настава во природа во Струга за учениците од IV одделение

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Ѓорче Петров во учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/12**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседтел,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Мирче Ацев**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Мирче Ацев** за учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Мирче Ацев за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- еднодневна екскурзија во Пелинце за III одделение
- еднодневен (есенски) излет во Сарај за учениците од I до VIII одделение
- еднодневен (пролетен) излет во Пеленица за учениците од I до VIII одделение
- дводневна екскурзија во Дојран за учениците од VI одделение
- тродневна екскурзија во Охрид за учениците од VIII одделение
- настава во природа во Охрид за учениците од IV одделение
- летување во Охрид
- зимување во Крушево

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Мирче Ацев во учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/13**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседтел,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски** во учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- еднодневен (есенски) излет во Пеленица за учениците од I до VIII одделение
- еднодневен (пролетен) излет во Кучково за учениците од I до VIII одделение
- еднодневен излет во Крушево за учениците од III одделение
- настава во природа во детското одмаралиште „Радости"-Охрид за учениците од IV одделение
- дводневна екскурзија во Охрид за учениците од VI одделение
- тродневна екскурзија во Охрид за учениците од VIII одделение
- програма за реализирање зимување

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски во учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериумите и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/14**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседтел,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Страшо Пинџур**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Страшо Пинџур** за учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Страшо Пинџур за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- настава во природа во Охрид за учениците од IV одделение
- излет во Катланово за учениците од III до VIII одделение
- излет во непосредна околина за учениците од I и II одделение
- тродневна екскурзија Скопје-Прилеп-Крушево-Охрид-Струга за учениците од VIII одделение

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУСтрашо Пинџур во учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/15**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседтел,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Тихомир Милошевски**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Тихомир Милошевски** во учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Тихомир Милошевски за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- есенски излет во Пеленица за учениците од I до VIII одделение
- пролетен излез во Катланово за учениците од I до VIII одделение
- дводневна екскурзија во Источна Македонија за учениците од VI одделение
- тродневна екскурзија во Западна Македонија за учениците од VIII одделение
- настава во природа во Охрид за учениците од IV одделение

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Тихомир Милошевски во учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/16**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседтел,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**Мислење за Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2013/2014 година на ООУ Јоаким Крчоски**

На седницата одржана на 16.09.2013 година, Советот на Општина Ѓорче Петров ја разгледа Програмата за ученички екскурзии и други слободни активности на **ООУ Јоаким Крчоски** за учебната 2013/2014.

Доставената Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Јоаким Крчоски за учебната 2013/2014 ги предвидува следните излети и екскурзии:

- еднодневна екскурзија во Крива Паланка-св.Јоаким Осоговски за учениците од III одделение
- есенски излет во непосредна близина на училиштето-Орман на учениците од I до VIII одделение
- пролетен излет во Пеленица за учениците од I до VIII одделение
- дводневна екскурзија во Дебар-Струга-Охрид за учениците VI и VIII одделение

ПОУ Јоаким Крчоски во Никиштане според Програма за ученички екскурзии и други слободни активности за учебната 2013/2014 има планирано:

- еднодневна екскурзија во Струга и природнонаучен музеј за учениците од III, VI и VIII одделение
- есенски излет во непосредна близина на училиштето за учениците од I до VIII одделение
- пролетен излет во посета на зоолошката градина за учениците од I до VIII одделение

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Советот на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за организирање и реализација за ученички екскурзии и други слободни активности на ООУ Јоаким Крчоски и ПОУ Јоаким Крчоски во Никиштане за учебната 2013/2014 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 07-2762/17**
**Од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 27 став 1 и 29 од Законот за семејство („Службен Весник на Р.М.број 80/92, 9/96, 19/2000, 79/01, 38/04, 60/05, 33/06, 84/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 8-мата Седница одржана на ден 16.09.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на член 1 став 1 од Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров број 07-1172/11 од 26.04.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 6/13), како што следи:

- за дополнителен член во матична служба на Град Скопје, се избира Радмила Апостоловска;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2672/18**
**од 16.09.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**